**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Кеј Димитар Влахов бр.23, 1 000 Скопје, тел. 02/3298-288, факс. 02/3219-866**

**А бр. 04-834/4**
**23.12.2020 година**

Врз основа на чл.36 ст.2 од Законот за јавнообвинителски службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр.62/15, бр.231/15 и бр.11/16) **Генералниот секретар во Јавно обвинителство на Република Северна Македонија**, донесе

## О Д Л У К А
**за не избор на кандидат по пат на јавен оглас**

1. За извршител на работно место **Соработник преведувач од македонски јазик на албански јазик и обратно,** во **Одделение за општи работи,** во **Сектор за општи и помошно стручни работи** во **Јавно обвинителство на Република Северна Македонија, не се врши избор на кандидат.**

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави на веб страницата и на огласната табла на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија.

## О б р а з л о ж е н и е

Во врска со јавниот оглас бр.1/2020 објавен на 15.10.2020 година во дневните весници „Вечер",„Нова Македонија" и „Коха", за вработување на кандидат за јавнообвинителски службеник на работно место **Соработник преведувач од македонски јазик на албански јазик и обратно,** во **Одделение за општи работи,** во **Сектор за општи и помошно стручни работи** во **Јавно обвинителство на Република Северна Македонија**, по спроведена постапка за селекција за вработување од страна на Комисија за селекција за вработување по јавен оглас, поради немање на ниту еден уреден кандидат кој ја поминал административната селекција, **Генералниот секретар во Јавно обвинителство на Република Северна Македонија** донесе одлука како во диспозитивот на одлуката.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР**
**Митко Митревски**

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука кандидатот кој не е избран има право на жалба, преку јавното обвинителство за чии потреби е објавен јавниот оглас, до Совет на јавнообвинителска служба во рок од осум дена од денот на приемот на писменото известување за извршениот избор.

**ДОСТАВЕНО ДО:**

- Јавно обвинителство на Република Северна Македонија;
- Одделение за за управување со човечки ресурси во ЈОРСМ;
- Архива.